02-66/2
25.03.2020 год.

## ПЛАН ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ ОДНОСНО УЧЕЊЕ ОД ДОМА

1.Се препорачува наставниците во соработка со учениците и родителите поучувањето и учењето да го изведуваат онлајн или преку користење на алтернативни средства за електронска комуникација.

2.Се задолжуваат одделенските раководители да утврдат колкав е бројот на учениците во нивната паралелка кои немаат пристап до интернет и до соодветни технички ресурси

3.Се препорачува секој наставник да користи одредени платформи или апликации кои се најсоодветни за конкретниот наставен предмет и за споделување на материјали за самоучење, содржини од наставната програма или интересни материјали поврзани со предметот, наставни ливчиња, линкови од соодветни корисни веб страни.

4.Се апелира до сите партиципиенти да споделуваат и разменуваат само материјали кои се поврзани со предметот и со наставната содржина, додека апликациите за брзо споделување на одредена информација или одредени прашања да се користат во разумен период од денот од понеделник до петок за да се зачува приватноста и слободното време на секој поединец

5.Се апелира учениците да соработуваат и да се вклучат во следење на насоките, упатствата и барањата на наставниците

6. Учениците за самоучење можат да ги користат и сопствените учебници како и учебниците во електронска форма: http://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/ → основно образование.

Дополнително на сајтот на МОН (mon.gov.mk) се поставени бесплатни дигитални платформи, апликации и содржини за учење од дома.

Воедно апелирам сите да останеме дома, да ги почитуваме мерките и препораките на Светската здравствена организација и на Министерството за здравство, да бидеме совесни, солидарни, разумни, трпеливи и одговорни кон себе и кон другите.

ООУ „Симче Настовски" Вратница
в.д. Директор – Бранка Марковиќ

Општинско основно училиште СИМЧЕ НАСТОВСКИ с. Вратница, Јегуновце Република Македонија